Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија
Institucioni nacional Ansambli I këngëve dhe valleve popullore shqiptare në Republikën e Maqedonisë së Veriut

Бр. - Nr. 0401-343/3
18.11.2024 год./viti
Скопје - Shkup

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА АНСАМБЛ НА АЛБАНСКИ НАРОДНИ ОРА И ПЕСНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 став 2 од Правилникот за полагање на аудиција во НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија бр.0201-140 од 06.06.2019 година и измена бр.0201-139 од 06.06.2019 година, и Измената на Правилникот со бр.0201-342/1 од 15.11.2024 година,вршителот на должноста в.д.директор на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија на ден 18.11.2024 г. ја донесе следната:

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ПРОВЕРКА НА УМЕТНИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ (АУДИЦИЈА) НА КАНДИДАТИТЕ ПРИЈАВЕНИ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС БР.1/2024 ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ТРИЕСЕТ И ПЕТ (35) ИЗВРШИТЕЛИ ДРУГ УМЕТНИК ТРЕТА ГРУПА, И ТОА: ИГРАЧ (20 извршители), ПЕЈАЧ (7 седум извршители) И МУЗИЧАР ИНСТРУМЕНТАЛИСТ –Жичани, Дувачки, Ударни и Хармоника (8 осум извршители)

## НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ЗА ПЕРИОД ДО 5 ГОДИНИ

I. Програмата содржи податоци кои се задолжителни при проверка на уметничките способности на кандидатите согласно Правилникот за полагање на аудиција на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија, и тоа:

1. За работно место под ред.бр.1 со Шифра КУЛ 03 04 А05 013 Друг уметник трета група - Играч кандидатите потребно е да ја изведат следната програма/зададено фолклорно народно оро од албанскиот фолклор, по следната содржина:

- Играње според демонстрација (имитација)
- Слободно оро
- Оро со мотиви од Карадак
- Оро со мотиви од Полог
- Оро со мотиви од Дебар

- Оро со мотиви од Преспа

Комисијата за спроведување на постапката за вработување, проверката на уметничките способности на пријавените кандидати ќе ја спроведе и преку следните задолжителни критериуми, и тоа:

-играчки способности и познавање на ората од сите подрачја (Полог, Карадак, Корча, Тирана, Тропоја и др.);

-уметнички впечаток (виртуозност, музикалност, сугестивност);

-проверка на слух;

-проверка на ритам;

2. За работно место под ред.бр.2 со Шифра КУЛ 03 04 А05 013 Друг уметник трета група - Пејач кандидатите потребно е да ја изведат следната програма/зададена песна, зададени хорски делници и зададена вежба (солфеж), по следната содржина:

**Програма**

- Песни од Полог:
  - "Cauc mori cauc"
  - "Vjeshto moj virone"

- Песни од Дрвен:
  - "Udhes se shullonit"
  - "Skutaçja e cauces"

- Песни од Дебар:
  - "Po i bjen era rete e zeza"
  - "Fusha e korabit"

- Песни од Кичево:
  - "Elife" (https://www.youtube.com/watch?v=f0_NBr_4r5g)

- Песни од Скадар:
  - "Per mu paska ken kismet"
  - "Kenke nuri bukurise"

- Песни од Горна Река:
  - " Ani po shkon vasha"
  - "Ti si ri n'at kep" (https://www.youtube.com/watch?v=mi-mBPy9fsA)

- Песни од Струга:

- " Me jep nje pike uje"

**Зададени хорски делници**

- "Porsi fleta ejllit zotit (Hymni flamurit at Gjergj Fishta)"
- "Bie lodra" - Милто Вако

**Зададена вежба (солфеж)**

**Вежби од музичка меморија**

Комисијата за спроведување на постапката за вработување, проверката на уметничките способности на пријавените кандидати ќе ја спроведе и преку следните задолжителни критериуми, и тоа:

-интерпретација на една песна

-проверка на слух

-проверка на ритам

-интонација

-уметнички впечаток (виртуозност, музикалност, сугестивност)

-познавање на нотно писмо (читање партитури)

-гласовни квалитети (проверка на пеачки способности преку изведување карактеристични делови-по барање на комисијата, солфеж).

1. За работно место под ред.бр.3 со Шифра КУЛ 03 04 А05 013 Друг уметник трета група – Музички инструменталист кандидатите потребно е да ја изведат следната програма/зададен композиција, зададени оркестарски делници и зададена композиција со ритам на сложени тактови, по следната содржина:

- Интерпретација не едно виртуозно дело (оро)
- "Valle dyshe e Elbasanit" (https://www.youtube.com/watch?v=qdUmQrmi3nw)
- Интерпретација или импровизација на мелодии врз дадената хармонска подлога
- Ритмички вежби врз солфежни тактови
- Проверка на читање на нотен текст
- Сфирење на фолклорен инструмент
- Вежби од музичка меморија

Комисијата за спроведување на постапката за вработување, проверката на уметничките способности на пријавените кандидати ќе ја спроведе и преку следните задолжителни критериуми, и тоа:

-за проверка на изведувачки способности преку изведување карактеристични и

познати фолклорни примери

-проверка на познавање на репертоарот на албанските народни песни
-проверка на читање на нотен текст

-да има познавање и да владее повеќе музички инструменти

-проверка на слух и ритам

-уметнички впечаток (витруозност, музикалност, сугестивност)

-интерпретација или импровизација на мелодии врз дадена хармонска подлога

II. Аудицијата ќе се спроведе во две фази согласно Правилникот за полагање на аудиција на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија и неговите измени.

III. Програмата за проверка на уметничките способности на кандидатите се објавува со денот на нејзиното донесување на веб страната на Националната установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија www.ansambli-shqiptar.mk истиот ден заедно со јавниот оглас за вработување.

IV. Пријавените кандидати кои ќе ја достават целосната документација согласно објавениот оглас, од страна на Комисијата за спроведување на постапката за вработување ќе бидат известени со јавно објавување на денот, часот и местото на одржување на аудицијата преку веб страната на Националната установа, како и на контакт телефонот, и по електронски пат согласно податоците кои ќе ги наведат во својата пријава за вработување.

V. Комисијата за спроведување на постапката на вработување ќе ги оценува кандидатите согласно член 9, 10 и 11 од Правилникот за полагање на аудиција на Националната установа Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија и неговите измени.